Национален извештај за состојбите во земјоделството и руралниот развој во Северна Македонија во периодот на пандемијата Ковид и пост-Ковид препораки, дел и од регионалниот извештај на земјите од Западен Балкан, SWG, март 2021,

"Вклучување на родовите перспективи во политиките за земјоделство и рурален развој", – Проект "Со Дијалог кон ЕУ", Скопје, февруари 2021,

"Збирка на истражувања за испорака на јавните услуги на централно и локално ниво", Центар за управување со промени, 2020 година, https://cup.org.mk/publication/compendium-of-research-of-public-services-delivery-on-central-and-local-level

Родова анализа на општините; https://crpm.org.mk/product/%D1%80%D0%BE%D0%B4%D0%BE%D0%B2%D0%B0-%D0%B0%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%B8%D0%B7%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D0%BB%D0%B8%D0%B4%D0%B5%D1%80%D1%81%D0%BA%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D0%BF%D0%BE%D0%B7%D0%B8%D1%86%D0%B8%D0%B8/

Анализа на финансирањето на граѓанските организации, 2020; Рурална Коалиција - Механизми за дијалог и вклучување на граѓанските организации во процесот на преговори и прилагодување на Заедничката земјоделска политика; 2022 година,

"Младинскиот активизам и правото на здрава животна средина", Институт за човекови права, 2024 година, списание Правен дијалог; https://www.ihr.org.mk/storage/app/media/%D0%9F%D1%80%D0%BE%D0%B5%D0%BA%D1%82%D0%B8/2023%20-%20%D0%9F%D0%A0%D0%98%D0%A1%D0%A2%D0%90%D0%9F%20%D0%94%D0%9E%20%D0%9F%D0%A0%D0%90%D0%92%D0%94%D0%90%20%D0%97%D0%90%20%D0%A1%D0%98%D0%A2%D0%95/pravendijalog30-1.pdf

"Just transition – a path towards sustainable green economic development"; International Scientific Conference, Institute for sociological, political and juridical research, University St. Cyril and Methodius Skopje and Institute for social changes, Serbia; https://isppi.ukim.edu.mk/izdavastvo/konferencii/zbornik-trudovi-megjunarodna-naucna-konferencija-2024

"Legal aspects of gender equality – legal solutions in North Macedonia"; 2024, University St. Kliment Ohridski, Bitola, Faculty of Law Kicevo, International Scientific Conference "Towards a Better Future: Gender Equality, Cyberspace, and Law"

"Between efficiency and ethnics: The role of AI in transforming legal systems and protection of human rights", 2025, International Scientific Conference "Towards better future: Justice, Development and artificial intelligence", UKLO

"Gender responsive budgeting in Southern European Context", Theoretical and Policy Perspectives, 2026, Chapter 9 – Towards Gender Justice: Assessing the Impact of Gender Responsive Budgeting in Local Communities; Springer Nature, Palgrave Macmillan Cham, Germany, https://link.springer.com/chapter/10.1007/978-3-032-23875-7_9 итн.


For more information on Europass go to http://europass.cedefop.europa.eu
© European Union, 2004-2010 24082010

# Портфолио – Рурална Коалиција

| Контакт информации | |
|---|---|
| | |
| Назив на организацијата | **Рурална Коалиција** |
| Правен статус и вид на организацијата | **НВО/Граѓанска организација** |
| Земја и датум на регистрација | **Република Северна Македонија, 13.07.2013** |
| ЕМБС | **6882102** |
| Седиште и адреса на организацијата | **Ул. Јордан Пиперката бр. 15, Кичево** |
| E-mail адреса, website | **rkoalicija@gmail.com , https://ruralnakoalicija.mk/** |
| Телефон | **+389 78 303 735** |
| Website and social networks | **https://ruralnakoalicija.mk/ ; https://www.facebook.com/profile.php?id=100095196433497** |
| Членови на организацијата | **Локални здруженија/ГО; број на членови: 58** |
| **Овластено лице (Име и презиме и функција)** | **Лилјана Јоноски, извршна директорка** |
| Контакт телефон на овластеното лице | **+389 78 303 735** |
| E-mail адреса | **liljana.jonoski@gmail.com** |

РУРАЛНА КОАЛИЦИЈА
KOALICIONI RURAL

## Неколку факти за НАС……

## ВИЗИЈА

Конкурентни, организирани, здружени семејни земјоделски стопанства – двигатели кон цврста развојна земјоделска политика, унапредени социо-економски услови за квалитетен живот и одржлив рурален развој

## МИСИЈА

Унапредување на условите во руралните средини за воспоставување одржливи семејни земјоделски стопанства преку директна поддршка, градење на капацитети, придонес кон рамномерен регионален развој и учество во креирање на локалната и националната аграрна политика.

**Главна дејност:** Подобрување на квалитетот на живот во локалната заедница и руралните средини; влијание на процесот на креирање на политиките на национално и локално ниво, родова еднаквост, дигитализација, транспарентност и отчетностм рамномерен регионален развој, климатски промени, промоција и јакнење на капацитетите на локалните граѓански организации, ЕУ интеграции

Руралната коалиција веќе е **препознатлив партнер** на локалните граѓански организации, општините, институциите кој што опфаќа повеќе сегменти на делување започнувајќи од grass root активности, па се до мониторинг, следење на законска национална и ЕУ регулатива, креирање на документи за јавни политики, застапување и мониторинг.

Како Коалиција составена е од **<u>58 локални здруженија</u>**, а во истата членуваат и професори, докажани експерти во областа земјоделство и рурален развој, правни науки, јавна администрација, локален економски развој кои што го сочинуваат **Советодавното тело** на организацијата кое што пак ги гради ставовите на Коалицијата по сите прашања од интерес за организацијата. Родовата рамноправност и еднаквост, младите, транспарентноста, отчетноста, дигитализацијата, климатските промени како и вклучувањето на ранливите категории на граѓани се хоризонталните теми на кои Коалицијата посветува внимание, па така во рамките на Коалицијата неформално делува и ***<u>Руралното Женско Лоби</u>*** составено од жени лидерки во руралните средини кои што делуваат и придонесуваат кон локалниот економски развој во руралните средини, како и ***<u>Младински Рурален Клуб</u>*** во кој што пак членуваат младите од руралните средини и со заеднички сили и идеи придонесуваат кон унапредување на социјалните услови за живот, но и атрактивноста, како и економските бенефити од живеењето во руралните средини.

Што се однесува пак до соработката со останатите локални чинители во заедницата, како Коалиција, организацијата работи на развивање и имплементација на одржливи проекти и активности со **<u>општините, месните заедници, локалните институции, подрачните единици на министерствата</u>**, со дел од нив потпишано и меморандуми за соработка, а со

локалните здруженија како членки голем дел од проектите и активностите се спроведуваат партнерски на терен. Коалицијата има воспоставено добра соработка и со седмата сила, односно медиумите, национални и локални, па медиумскиот простор често пати е пополнет и со активности реализирани од страна на организацијата и нејзините партнери, но и дел од видео и промотивните материјали се добиени како производ од взаемната соработка.

Бидејќи организацијата расте и се развива **многу вложува и во делот на вмрежување и градење на релации и поврзување со сродни организации од областите во кои што делува, како на национално, така и на регионално и меѓународно ниво**, па истата е членка на бројни мрежи на граѓански организации преку кои што ги остварува своите влијанија во делот на внесување на промени, но и креирање на национални и локални политики кои што го унапредуваат земјоделството и руралниот развој. Дел од мрежите во кои што членува Коалицијата се и следниве: Мрежа за рурален развој на Република Северна Македонија, Мрежа за одржливост на граѓанските организации, Мрежа за Отворено Владино Партнерство, Мрежа за климатски промени, ИПА механизам, Национална платформа за родово-одговорно буџетирање, Мрежа за подобрување на квалитетот на услугите во јавната администрација, Граѓанска алијанса за транспареност итн.

Кога сме кај застапувањето и претставувањето, Рурална Коалиција со свој претставник избран на јавен повик од организациите кои што делуваат во секторот земјоделство и рурален развој, веќе втор мандат **е членка и го застапува секторот земјоделство и рурален развој во Советот за соработка на Владата со граѓанското општество**, кој што пак е советодавно тело на Владата за унапредување на соработката, дијалогот и поттикнување на развојот на граѓанскиот сектор во Република Северна Македонија.

Една од стратешките цели кон кои што придонесува е и зголемување на **транспарентноста, отчетноста, но и ефикасноста и ефективноста на јавната администрација**. Рурална Коалиција со свои претставници учествуваше во изработката, но и мониторингот на првата стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2020 година преку Граѓанската алијанса за транспарентност каде што работеше и на посебен проект за зголемување на транспарентноста и отчетноста на националните институции во секторот земјоделство и рурален развој, а во текот на минатата година активна беше и во изработката на Националниот план за Отворено Владино Партнерство 2021-2023, при што сега е и активен член на Советот за Отворено Владино Партнерство. Дигитализацијата на услугите и зголемувањето на употребата на е-услугите на локално ниво, како и анализата на квалитетот на услугите на локалната јавна администрација се дел од проектните активности кои што Рурална Коалиција ги има спроведено од 2018 година па наваму кога ја проширува областа на своето работење со придонесот кон зголемување на комуникацијата и квалитетот на услугите на јавната администрација. Дополнително, во рамките на регионалниот Вебер проект формирана е Национална работна група за јавна администрација чии што членови во соработка со Институтот за Европска Политика ја мониторира токму имплементацијата на стратешките определби и унапредувања на процесите на јавната администрација. Од 2021 година Рурална

Коалиција работи и на мониторинг на јавните набавки во општините и во делот на спречување на корупцијата на локално ниво.

Насочена кон градење на сопствените капацитети, но и обезбедување на самоодржливоста на организацијата од 2020 година па наваму Рурална Коалиција се јавува како давател на услуги поврзани со различни истражувања, спроведување на анкети, фокус групи, изработка на анализи, организирање на настани, семинари, конференции и слично, а дел од услугите како бесплатна правна помош и логистичка и техничка поддршка на граѓаните во електронската комуникација со институциите ги дава преку локалниот центар за е-владеење со седиште во Кичево. Соработката пак со општините резултира и со изработка на стратешки документи за нивните потреби како што се стратегии за локален економски развој, стратегии за рурален развој и локални акциони групи, стратегии за млади, развој на програми за родова еднаквост и слично.

## Цели, активности, резултати и извори на финансирање во последните три години

| Листа на донатори и проекти | | | |
|---|---|---|---|
| Донатор | Проект | Период на имплементација | Цели, активности, резултати |
| Civicus and Metamorphosis Foundation | *Local Youth Digital Action Lab – From Clicks to Civic Change!* | 15.07-15.09.2026 | **Цел**<br>Целта на проектот беше да се зајакне **дигиталното и граѓанското учество на младите**, преку обезбедување знаења, вештини и алатки за активно учество во процесите на локално донесување одлуки и придонес кон позитивни промени во нивните заедници.<br>Преку воспоставувањето на **Локалната младинска дигитална акциска лабораторија**, младите беа поддржани да ги идентификуваат локалните предизвици, да развиваат дигитални граѓански иницијативи и директно да ги комуницираат своите приоритети со локалните институции.<br>Проектот ги зајакна нивните капацитети за **дигитално учество, граѓански ангажман, застапување и користење на онлајн алатки**, истовремено создавајќи можности за суштинска интеракција меѓу младите и носителите на одлуки.<br>Клучно постигнување беше развојот и поднесувањето на **дигитални граѓански иницијативи насочени кон конкретни локални проблеми**, проследени со јавна комуникација и следење на одговорите на институциите.<br>Севкупно, проектот покажа како дигиталните алатки можат да ги придвижат младите од **пасивно онлајн присуство кон активно граѓанско учество и конкретни промени во** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | **заедницата**, придонесувајќи кон зајакнување на младинскиот глас, отчетноста и довербата во локалните институции. |
| ЕУ Делегација и Граѓански ресурсен центар | *Руралните заедници за отворени и отчетни избори* | 01.07.2025-30.06.2026 | **Цел:** Зајакнување на капацитетите на граѓаните во руралните средини за следење на изборните активности на политичките партии обезбедувајќи транспарентост и отчетност на изборниот процес<br>**Специфична цел**: Зајакнување на капацитетот на локалните заедници активно да учествуваат на локалните избори во 2025 година<br>Очекувани резултати:<br>**Р.1**. Зголемена јавна свест и дијалог за изборниот интегритет и изборниот процес<br>**Р.2**. Зголемен мониторинг и следење на изборниот процес<br>**Р.3**. Зголемен јавен притисок за транспарентност и отчетност на изборниот процес и идните избрани градоначалници и советници |
| EU Commission | *Дигитална инклузија на локалната заедница* | 01.09.2025-01.02.2027 | Проектот имаше за цел да ја унапреди дигиталната инклузија и да обезбеди еднаков пристап до дигиталните јавни услуги за лицата со попреченост и другите недоволно опслужени групи во локалните заедници. Преку проектните активности беа зајакнати дигиталните вештини, самодовербата и информираноста на лицата со попреченост, како и нивната способност самостојно да користат дигитални алатки, онлајн услуги и информации.<br>Еден од клучните резултати беше воспоставувањето на **локален дигитален хаб опремен со достапни и асистивни технологии**, кој обезбедува безбеден и инклузивен простор за учење, пристап до електронски услуги и добивање техничка поддршка.<br>Проектот придонесе и кон зајакнување на капацитетите на давателите на јавни услуги, семејствата, негувателите и |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | локалните чинители за подобро препознавање и одговор на дигиталните потреби на лицата со попреченост. Истовремено, беа промовирани поголема пристапност на локалните дигитални услуги и подобра достапност на општинските информации.<br>Преку обуки, подигнување на свеста, соработка меѓу релевантните чинители и воведување пристапни дигитални решенија, проектот придонесе кон поголема дигитална независност, социјална инклузија и активно учество на лицата со попреченост во локалната заедница. |
| Civica Mobilitas | *ДигиЛОК – создавање на дигитално отпорна локална заедница на корупција* | Декември 2023-Септември 2026 | **Цел**<br>Целта на акцијата е да се **зајакне отпорноста кон корупција на локално ниво** преку зголемување на отвореноста на општините, унапредување на соработката меѓу граѓаните, граѓанските организации и локалните власти и овозможување потранспарентно учество во процесите на локално донесување одлуки преку дигитални алатки.<br>Акцијата ќе го користи **Индексот на отвореност** како главен инструмент за следење на транспарентноста, пристапноста, интегритетот и отчетноста на локалните власти. Дополнително, ќе биде воведен **лист за самоевалуација на општините**, базиран на методологијата на Индексот на отвореност, кој ќе им овозможи на општините редовно да ја проценуваат сопствената отвореност и да ги идентификуваат областите за подобрување.<br>Избраните општини ќе добијат поддршка преку **менторство, годишни календари за консултации и објавување извештаи од спроведените јавни консултации**.<br>Главна дигитална алатка во рамките на акцијата е **mCommunity** – мултифункционална платформа за двонасочна комуникација меѓу граѓаните и општините. Преку платформата, граѓаните ќе можат да пристапуваат до информации за јавни консултации, да доставуваат коментари и предлози, да пријавуваат локални |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | проблеми, да користат локални е-услуги и директно да комуницираат со локалните власти.<br>**Очекувани резултати:**<br>• Зголемено **учество на граѓаните** во локалното донесување одлуки;<br>• Зајакнато учество на **граѓанските организации во креирањето на локалните политики**;<br>• Подобрена **транспарентност и отчетност на општините**;<br>• Зголемена **доверба на граѓаните во процесите на граѓанско учество**;<br>• Посилни, поинформирани и дигитално поврзани локални заедници кои можат активно да учествуваат во **спречувањето на корупцијата и унапредувањето на доброто локално управување**. |
| Национална мрежа против семејно насилство | Активна локална заедница води активна борба против родово-базирано и сексуално насилство | Декември 2023 – Март 2026 | **Општа цел:** Зголемување на ефикасноста на заштитата на жените во локалната заедница од родово-базирано и сексуално насилство **Специфична цел 1:** Зголемување на базата на податоци и информации поврзани со родово-базирано насилство во Југозападниот плански регион<br>**Специфична цел 2:** Јакнење на капацитетите и функционалноста на институционалните механизми и тела за заштита и превенција од родово-базирано насилство во општините во Југозападниот плански регион<br>**Специфична цел 3:** Зајакнување на свеста и информираноста кај жените во локалната заедница за механизмите и алатките за превенција од родово-базирано и/или сексуално насилство<br>**Резултати:**<br>1. Зајакнати капацитети на тимот на Рурална Коалиција преку обуките и настаните кои што ќе се организираат од страна на Националната мрежа против насилство врз |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | жени и семејно насилство и партнер организациите во рамките на овој проект<br>2. Зголемен обем на јавно достапни податоци и информации за состојбите со РБН и СН на територијата на општините во Југозападниот плански регион 3. Зајакнати капацитети и зголемена информираност на членовите на Советите за превенција во општините од Југозападниот плански регион<br>4. Зголемена информираност и застапување во локалната заедница за превентивните механизми и конкретните случаи на РБН и/или СН во општините во Југозападниот плански регион |
| Австриска Развојна Агенција | *Локални родово-одговорни буџети за климатски отпорна заедница* | Јануари 2025-Март 2026 | **Општа цел:**<br>Да се придонесе кон создавање **долгорочно родово одговорни општини**, кои се отпорни на влијанијата од климатските промени.<br>**Специфични цели:**<br>**1.** Да се зајакнат локалните капацитети за идентификување на родовите разлики и јазови кои произлегуваат од влијанијата на климатските промени и за интегрирање на **родово одговорното буџетирање** во општинското планирање и програмирање.<br>**2.** Да се подигне свеста кај локалната заедница за **различните влијанија на климатските промени врз жените и мажите**.<br>**Очекувани резултати:**<br>**1.** Спроведена е **родова проценка на буџетските корисници и родовото влијание на локалните буџети** врз локалната заедница во општините **Кичево и Јегуновце**.<br>**2.** Зајакнати се капацитетите на општините за примена на **родово одговорно буџетирање во областа на животната средина и климатските промени.** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | **3.** Зголемена е свеста кај локалното население за **родовите разлики при креирањето мерки и политики за справување со климатските промени и заштита на животната средина**. |
| ЦНВП Фондација | *Патот до селото: Одржлив развој во срцето на природата* | Ноември 2024-Септември 2025 | **Општа цел:**<br>Да се придонесе кон одржливиот рурален развој и подобрување на социо-економските услови во еколошкиот коридор на планините **Илинска–Плакенска**.<br>**Специфична цел:**<br>Да се унапреди туристичкиот потенцијал и да се зајакнат капацитетите на руралните заедници за поддршка на зачувувањето и промоцијата на природното наследство во рамките на еколошкиот коридор на планините **Илинска–Плакенска**.<br>**Очекувани резултати:**<br>**1.** Идентификувани и мапирани се клучните локалитети и деловни можности за рурален развој во рамките на еколошкиот коридор на планините Илинска–Плакенска, а дигиталната мапа е промовирана и споделена со релевантните чинители во областа на руралниот развој и туризмот.<br>**2.** Зајакнати се капацитетите на **Општина Кичево**, а свеста кај локалните заедници е зголемена за значењето на развојот на одржлив рурален туризам на планините Илинска–Плакенска, истовремено со зачувување на природната средина.<br>**3.** Воспоставени се одржливи партнерства и мрежи на релевантни чинители за промоција и развој на **рурален туризам во согласност со природата** во рамките на еколошкиот коридор на планините Илинска–Плакенска. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| HERA and British Embassy | *Еднакви можности за СИТЕ: Креирање на родово-одговорни локални заедници* | Ноември 2024-Април 2025 | Главна цел: Градење на инклузивни родово-одговорни локални заедници<br><br>Специфични задачи:<br><br>1. Креирање на партнерства за разбирање и создавање на можности за практикување на концептот на родова еднаквост во локалната заедница<br>2. Мобилизирање на локалната заедница за засилена промоција и унапредување на родовата еднаквост<br>Резултати:<br>- Изработена мапа на локални чинители кои што се значајни за унапредувањето на родовата еднаквост во локалната заедница<br>- Изградени партнерства со институциите и општините<br>- Изработени минимум 2 родови граѓански иницијативи за унапредување на локалниот економски развој;<br>- Зајакнати капацитети на членовите на КЕМ и координаторите за еднакви можности;<br>- Засилена промоција на родовата еднаквост на локално ниво;<br>- Зголемена вклученост на учениците и младите во мобилизацијата на локалното население за унапредување на родовата еднаквост;<br>- Креирани нови можности за унапредување на родовата еднаквост со вклучување на маргинализирани групи на граѓани<br>- Зајакната свест и едукација кај локалното население за потребата од практикување на родовата еднаквост и воведувањето на родовата еднаквост во планирањето и програмирањето на општините |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | - Изработена 1 видео истражувачка сторија – Локални родови приказни<br>- Изработени промотивни материјали за локален мултимедијален настан |
| Шведска амбасада | *Локални партнерства за локални климатски акции* | Февруари 2023-Април 2024 | **Цели**<br>**1.** Да се зајакнат капацитетите и знаењата на **локалните граѓански организации за климатските промени** и да се унапреди нивното учество во процесите на локално донесување одлуки.<br>**2.** Да се зајакнат капацитетите и стратешкиот развој на **општините за справување со климатските промени**.<br>**3.** Да се подигне свеста кај граѓаните и да се мобилизираат локалните заедници преку **практични мерки и активности насочени кон градење климатски отпорни локални заедници**.<br>**Очекувани резултати:**<br>**1.** Зајакнати се знаењата и капацитетите на локалните граѓански организации за разбирање на предизвиците поврзани со климатските промени и за активно учество во процесите на локално донесување одлуки.<br>**2.** Развиени се **локални иницијативи и акциски планови** кои придонесуваат кон адаптација кон климатските промени и одржливост на животната средина.<br>**3.** Зголемено е **учеството и ангажманот на локалната заедница** во спроведувањето на иницијативи за климатска акција и локални активности за заштита на животната средина. |
| ЕУ | Потпри се на младите | Февруари 2022 – Април 2024 | **Општа цел:**<br>Да се придонесе кон подобрување на квалитетот на живот во локалните заедници во **Североисточниот, Пелагонискиот, Полошкиот и Југозападниот плански регион** преку |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | поттикнување и зголемување на младинскиот активизам и волонтерството.<br>**Специфична цел:**<br>Да се зајакнат капацитетите на младите за **организирано делување и активно учество** во локалните заедници во Североисточниот, Пелагонискиот, Полошкиот и Југозападниот плански регион.<br>**Очекувани резултати:**<br>**1.** Развиени се иновативни модели и алатки за вклучување на **младите и жените во обезбедувањето услуги во руралните средини и социо-економскиот развој**, вклучително и специјализирана програма за обука фокусирана на обезбедување услуги, претприемништво, меки вештини и лидерство во заедницата.<br>**2.** Најмалку **150 млади лица и жени од руралните средини** ги зајакнале своите капацитети и вештини за активно придонесување кон развојот на своите заедници како даватели на услуги, лидери во заедницата, социјални претприемачи и иницијатори на активности за социо-економски развој.<br>**3.** Воспоставени и зајакнати се **одржливи механизми за учество на младите** преку формирање на рурални младински совети и младински клубови, спроведување на младински иницијативи за социо-економски развој и промовирање на успешни локални иницијативи и добри практики кои придонесуваат кон зајакнување и развој на руралните заедници. |
| ЕУ | Низ женски леќи: родово-одговорно буџетирање во општините | Јануари 2021-април 2024 | Овој проект поттикнува проактивност на граѓанското општество преку зајакнување на вмрежувањето, користејќи РОБ методи за соработка со локалната самоуправа и формирање на локални политики и буџети за решавање на различните потреби на жените и мажите, особено на најранливите и |

| | | |
|---|---|---|
| | | маргинализираните групи во 17 целни општини (Делчево, Македонска Каменица, Кавадарци, Неготино, Радовиш, Гевгелија, Струга, Вевчани, Крушево, Кривогаштани, Чаир, Шуто Оризари, Илинден, Старо Нагоричане, Липково, Брвеница и Теарце). Проектот дополнително ќе ги зајакне капацитетите на постојната неформална Мрежа за родово одговорно буџетирање (МРОБ) со проширување на членството со граѓански организации (ГО) од целните општини истовремено застапувајќи ги интересите на руралните жени и мажи, сиромашни жени и мажи, жени и мажи со попреченост, маргинализираните жени и мажи (од етничка, религиозна или сексуална природа) и жени и мажи од ранливите возрасни групи (млади и постари граѓани). |